**АНЕКС II**
**на**
# „СТУДИЈАТА ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА ЗА ПРЕДЛОГ ПОДРАЧЈЕТО ЗА ЗАШТИТА „ОСОГОВСКИ ПЛАНИНИ“ ВО КАТЕГОРИЈА „ЗАШТИТЕН ПРЕДЕЛ“

## 1 Вовед

По поднесување на „Информација за потребата од прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје во категорија заштитен предел“ од страна на МЖСПП до Владата на Република Северна Македонија, на 05.05.2020 година беше донесена позитивна Одлука за прифатливост на предлогот. Согласно одлуката, Владата на Р.С. Македонија го задолжи МЖСПП да организира јавна расправа и подготви Акт за прогласување, по што би се донесла конечна одлука за прогласување на дел од Осоговските Планини во категорија заштитен предел од страна на Владата.

МЖСПП изработи „Нацрт Одлука за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитен предел“ (јуни, 2020) и направи временска рамка за спроведување на процесот за комуникација со засегнатите страни и јавноста. Нацрт Одлуката беше објавена на Единствениот национален електронски регистар на прописи во Република Северна Македонија (www.ener.gov.mk) и на веб страната на Министерство за животна средина и просторно планирање (www.moepp.gov.mk) и достапна за доставување на коментари, забелешки и консултации со засегнати страни во периодот од 10 август до 04 септември 2020 година. Студијата за валоризација за предлог подрачјето за заштита „Осоговски Планини“ во категоријата заштитен предел заедно со Анексот на Студијата исто така се достапни на веб страната на МЖСПП. Во истиот период беше спроведен комуникациски процес со засегнатите страни и јавноста при што беа организирани четири јавни расправи, и тоа:

- Кочани на 18.08.2020г., локација: Спомен дом АСНОМ;
- Македонска Каменица, 20.08.2020г., локација: Парк пред Домот на Културата;
- Пробиштип 25.08.2020г., локација: секундарен плоштад на амфитеатарот;
- Крива Паланка 26.08.2020г., локација: Зелениот парк во рамките на дворното место на Средното Општинско Училиште „Ѓорче Петров“ – Крива Паланка.

Доставени беа коментари од засегнатите страни (општина Крива Паланка и Рудник Саса) до МЖСПП по однос на предложените граници и зони на идното заштитено подрачје на дел од Осоговските Планини заради вклопување на нивните потреби за развој.

Во врска со укажувањето од општина Крива Паланка за планираниот ски-центар Калин Камен на локалитетот Царев Врв - Калин Камен – Езерце, се воведува заштитен појас, заради обезбедување на растојание од 100 метри помеѓу зоните за строга заштита под Царев Врв кон изворишен дел на Врањанска Река и зоната за одржливо користење. Со тоа во планираното зонирање на идното заштитено подрачје, покрај зоната за строга заштита,

зоната за активно управување и зоната за одржливо короистење во согласност со член 93 од Законот за заштита на природата се воведува и заштитен појас, заради олеснување на активностите за развој на туризам во овој дел. Исто така, локалитетот Езерце е изземен од границата на идното заштитено подрачје на Осоговските Планини, што повлекува мала промена во неговата вкупна површина на идното ЗП.

Во врска со укажувањето од Рудник САСА по разгледување на природните вредности во просторот од развоен интерес на Рудник САСА и просторот даден како предлог решение, експертскиот тим увиде дека овие простори се претставени од речиси ист хабитатен тип, односно мезофилни букови екосистеми и поседуваат слични вредности и карактеристики, за што експертскиот тим смета дека замената на овие простори нема да ги наруши природните вредности на предлог заштитеното подрачје Осоговски Планини.

По разгледување и вклопување на укажувањата содржани во горенаведените мислења, експертскиот тим вклучен во изработка на Студијата за валоризација за предлог подрачјето за заштита „Осоговски Планини“ во категоријата заштитен предел, направи прилагодувања на предлогот за заштита на Осоговските Планини во категорија заштитен предел, при што:

- Надворешната граница на предлог ЗП Осоговски Планини е прилагодена, согласно предлог решението од рудник САСА и таа промена се однесува на делот околу рудник САСА и се наоѓа во атарот на општина Македонска Каменица како и кај локалитетот Езерце во општина Крива Паланка.
- Во рамки на предлог подрачјето за заштита воведен е заштитен појас околу зоната за строга заштита кај локалитетот Царев Врв-Калин Камен.

Согласно направените прилагодувања вкупната површина на предлог подрачјето за заштита на дел од Осоговските Планини во категорија заштитен предел изнесува 48807.16 ha.

Засегантите страни (локалните самоуправи: Крива Паланка, Македонска Каменица и Кочани и предлог Субјектот за управување - ЈП „Национални шуми“) се информирани за проемните направени врз основа на мислењатата добиени по основ на “Нацрт Одлуката за прогласување на дел од Осоговските Планини во заштитен предел”. Наведените засегнати страни се согласуваат со промените и немаат дополнителни коментари и барања.

## 1.1 Предложени надворешни граници на подрачјето

Географскиот опис на предложената надворешна граница на предлог за заштитено подрачје - заштитен предел „Осогосвки Планини“ е дадена наративно и со картографски приказ (Слика 1), а достапен и векторски формат во дигитална форма.

Промените на надворешната граница на предлог ЗП Осоговски Планини се однесуваат на делот кој зафаќа во општина Македоснка Каменица, во контактната зона со Рудник Саса. Надворешната граница на предлог ЗП Осоговски Планини е прилагодена, согласно предлог решението од рудник САСА. Односно, направена е корекција на источниот дел од границата во близина на река Каменица и локалитетот Мечкин Камен. Во прилог 1 е даден

визуелен преглед на исклучената и вклучената површина од заштитеното подрачје Осоговски Планини во атарот на Рудник Саса. Промена има во северниот дел од надворешната граница на мал потег кај локалитетот Езерце во општина Крива Паланка, во Прилог 2 е претставена границата во овој дел од заштитеното подрачје согласно укажувањата на општина Крива Паланка. Овие промени се опишани и во текстот подолу и истите се дадени со задебелени букви).

Границата почнува на север од кота 1406 m н.в. во место викано (м.в.) Средно Брдо, од каде се спушта во Крива Река и ја сече реката на изохипсата од 1000 m н.в., од каде по сртот се качува на кота од 1366 m н.в. **Од овде границата продолжува по сртот кон Базјанско Брдо, го заобиколува Базјанско Брдо кон север на изохипсата од 1590 m н.в., потоа повторно се искачува по суводолицата кон југо-запад до изохипсата од 1650 m н.в. Од овде продолжува кон запад, следејќи ја изохипсата 1650 m н.в., потоа се спушта на 1500 m н.в.и се движи кон м.в. Буки, каде минува низ кота 1508 m н.в.** Од тука, границата продлжува кон југозапад спуштајќи се по гребенот до составот на две суводолици на 1270 m н.в. и продолжува на југ кон м.в. Средно Брдо, минувајќи го гребенот на Средно Брдо на кота 1126 m н.в., од каде се спушта по суводолицата јужно од м.в. Големо Кадиново до Станечка Река. Овде границата ја минува Станечка Река и се движи кон југозапад по суводолицата која се наоѓа југоисточно од Дебели Рид качувајќи се на кота 1675 m н.в. Од тука, границата се движи на запад следејќи го локалниот пат доаѓајќи меѓу м.в. Црвено Цвеќе, Бари и Ѓубре од каде свртува на југ следејќи го патот по котите 1413 m н.в. и под 1479 m н.в. (Марјаница) и 1494 (Крмила). Границата од тука продолжува по пат кон запад покрај м.в. Петков Чукар, м.в. Косматица и го заобиколува (вклучувајќи го) м.в. Бреза 1677 m н.в., свивајќи директно кон југ по патеката источно од м.в. Врла Страна и кај кота 1303 m н.в. се приклучува на локалниот пат кој се движи јужно кон Горно Кратово следејќи го иститот се до м.в Павлеви Ниви. Потоа, границата се движи по локалниот пат кон југоисток, прво по 1300 m н.в., а потоа по 1250 m н.в. Продлужувајќи кон југ по истиот пат и минувајќи покрај м.в. Луково, јужно од м.в. Луково границата се качува на сртот на м.в. Капински Рид, продолжувајќи по сртот кон југоисток од каде што се спушта по суводолицата кон потокот Кошарски Дол, кој го следи кон запад додека не достигне 850 m н.в. Потоа, границата се качува по долчето кон југ во правец на м.в. Кусет од каде продолжува до м.в. Сморинец од каде се качува на Илин Врв. Од тука се движи на југо-запад и над м.в. Бело Место границата врти кон југ до котата 909 m н.в. од каде се спушта до патот кој води до с. Лесново. Тука следејќи го гребенот покрај реката завртува кон запад по патот се до под м.в. Чуки, па оди до м.в. Лесновски Рид и кота 765 m н.в. Потоа, по гребенот се спушта во југоисточен правец до асфалтираниот пат од ХС „Злетовица“. Го следи овој пат во североисточен правец околу 1 km, од каде се упатува директно на исток минувајќи низ кота 716 m н.в. па по гребенот оди до кота 882 m н.в. и се спушта кон југоисток до долината на Стара Река во близина на с. Шталковица. Границата го заобиколува с. Шталковица и ја следи Стара Река, а потоа по Кочански Дол продолжува кон југоисток. На 880 m н.в. под прав агол завртува кон југозапад и по долината се качува до гребенот на м.в. Слива, од каде го следи патот кон југоисток до кота 1101 m н.в. и продолжува по патот до кота 1050 m н.в.. Од овде границата завртува кон југозапад и се спушта кон долината на суводолицата минувајќи меѓу м.в. Илиица и м.в.

Боров Рт, потоа движи по течението на суводолицата Косел до вливот кој го прави со друга суводолица на 670 m н.в. јужно од м.в. Градишта. Овде, границата продлжува на југ качувајќи се по суводолицата меѓу м.в. Грамади и м.в. Попова Глава се до патот северно од с. Рајчани, кој го следи до с. Рајчани. Во границата припаѓа и с. Рајчани. Границата овде завртува на југозапад движејќи се по локалниот пат на околу 750 m н.в. на м.в. Рајчански Рид, кој потоа го следи и кон југ од каде почнува да го следи сртот качувајќи се на м.в. Илиица (893 m н.в.) и по сртот се спушта на 850 m н.в.. Од овде ја следи патеката и сртот кон југоисток кон суводолицата Змијарник и потоа се качува на север до 500 m н.в. и во југоисточен правец ја следи оваа изохипса до Калуѓорова Чешма. Потоа границата завртува на североисток движејќи се по суводолицата до седлото кај м.в. Уши на 628 m н.в. и врти кон север – северозапад кон м.в. Божурнак минувајќи низ кота 768 m н.м.в. Од овде се спушта по сртот во правец на североисток, додека не стигне на изохипсата од 600 m н.в. и потоа свртува северозападно до блиската суводолица и ја следи истата до нејзиниот влив во Спиловска Река. Потоа ја следи Свиланска Река до нејзиниот влив во река Киселица и се одвојува од неа на 400 m н.в. Овде границата се спушта кон м.в. Аџиица, па во источен правец ја следи изохипсата од 400 m н.в. се до Бањска Рекла и ја следи реката низводно до локлниот пат кој води кон Пониква, го сече патот и продолжува на исток кон Тркањска Река, од овде поминува по суводолицата помеѓу м.в. Белски Рид и м.в. Градиште и се движи на север се до врвот Војновица (897 m н.в.) од каде што се упатува источно по суводолицата која се спушта кон Кочанска Река до изохипсата од 400 m н.в. Од каде, се упатува до круната на Кочаснско Езеро (Брана Градче), која се наоѓа на 450 m н.в. Потоа, од круната на браната границата продолжува на исток по изохипса 600 m н.в. продолжува до суводолицата и ја следи истата до патот под Долно Градче, се качува на сртот и го поминува локалниот пат Кочани - Крушка и под с. Вранинци се спушта во Оризарска Река. Од овде го следи патот до м.в. Клинчарите и се искачува на кота 912 m н.в. Од тука во источен правец се продолжува до м.в. Шутово, и излегува на патот с. Оризари - Пресека - Цера и го следи патот, поминувајќи ги следните локалитети од Пресека: Самокелпица, Црни Врв, Чукеревска Маала, Висока Чука, Прештиплова Чука, Ивова Глава, потоа границата продолжува помеѓу м.в. Долна Цера и Јуручки Гробишта. Кон североисток се качува по патеката на гребенот на м.в. **Долна Цера (1707 m н.в.) на изохипса од 1700 m н.в. и ја следи истата качувајќи се на безимениот врв 1860 m н.в. југоисточно од м.в. Китка од каде директно се спушта по суводолицата и ја следи изохипсата од 1430 m н.в. се до суводолицата во м.в. Криви Рид продолжува на севрозапад до изохисата од 1500 m н.в. и веднаш се спушта кон река Каменица и ја сече на 1350 m н.в. Потоа границата продолжува на север кон Мечкин Камен под кота 1740 m н.в од каде под права линија се упатува североисточно до изохипсата од 1600 m н.в. Од тука, границата се движи под права линија северозападно до сртот над Мечкин Камен 1840 m н.в и се упатува повторно по права линија североисточно до локалниот пат (1830 m н.в.) кој води до Ајдучка Чешма.** Од Ајдучка Чешма се упатува кон северозапад до под врвот Сокол (до изохипсата 1950 m н.в.) и севрно се спушта кон кота 1648 m н.в. и го следи сртот на Средно Брдо поминува низ кота 1544 m н.в. и се спушта до кота 1406 m н.в. од каде и започнува описот на границата.

Вкупната површина на предлог подрачјето за заштита на дел од Осоговските Планини во категорија заштитен предел изнесува 48807.16 ha.




Слика 1 Надворешна граница на предлог ЗП „Осоговски Планини“

## 1.2 Предлог зони во заштитеното подрачје

Во рамки на предлог заштитеното подрачје „Осоговски Планини“, предвидени се три зони: зона на одржливо користење, зона на активно управување и зона на строга заштита, кои се воспоставуваат заради вршење на дејноста за заштита и унапредување на природата, кои се во корелација со Законот за заштита на природа (Службен весник 67/04 и соодветните дополнувања) Член 92, 93 и 104. Најголема површина зафаќа зоната за одржливо искористување, а најмала зоната за строга заштита, визуелен преглед на зоните е даден на Слика 2 и Прилог 4. Површините на зоните во предлог ЗП „Осоговски Планини“ се дадени во табелата подолу (Дополнително, согласно член 107 од Законот за заштита на природата, воведен е заштитен појас кој се воспоставува во рамките на заштитеното подрачје меѓу зоните чиј режим на заштита и управување меѓусебно се исклучува, како што е случајот со зоната за строга заштита на Царев Врв и зоната за одржливо користење. Заштитниот појас зафаќа површина од 82.25 ha односно само 0,17 % од површината на идното заштитено подрачје на дел од Осоговските Планини.

Табела 1), од каде може да се забележи дека зоната за строга заштита учествува со 1833,04 ha (3,76%), зоната за активно управување е со површина од 2546,6 ha (5,22%) и 44345,27 ha (90,86 %) е зона за одржливо користење.

Дополнително, согласно член 107 од Законот за заштита на природата, воведен е заштитен појас кој се воспоставува во рамките на заштитеното подрачје меѓу зоните чиј режим на заштита и управување меѓусебно се исклучува, како што е случајот со зоната за строга заштита на Царев Врв и зоната за одржливо користење. Заштитниот појас зафаќа површина од 82.25 ha односно само 0,17 % од површината на идното заштитено подрачје на дел од Осоговските Планини.

Табела 1 Преглед на површина на зоните во предлог ЗП „Осоговски Планини“

| Зони во предлог ЗП „Осоговски Планини“ | Површина (ha) | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| **Зона за строга заштита** | 1833.04 | 3.76% |
| **Зона за активно управување** | 2546.6 | 5.22% |
| **Зона за одржливо користење** | 44345.27 | 90.86% |
| **Заштитен појас** | 82.25 | 0.17% |
| **Вкупна површина на ЗП** | 48807.16 | 100.00% |




Слика 2 Предлог ЗП „Осоговски Планини“, со предлог зони за строга заштита, активно управување, одржливо користење и заштитен појас

Направените адаптирања на надворешната граница и воведувањето заштитен појас повлече измени во зоната за строга заштита, зоната за активно управување, како и во зоната за одржливо користење, пред се заради прилагодувањата на зоните околу Царев Врв и дефинирање на заштитен појас заради обезбедување на растојание од 100 м во однос на инфраструктурните објекти и зафати дефинирани во Студијата за ски центар Царев Врв, како иден развоен план за кои се залагат општините Крива Паланка Кочани и Македоснка Каменица.

Во табелата подолу е прикажан преглед на зоните во предлог ЗП Осоговски Планини.

Табела 2 Преглед на зоните во рамки на предлог ЗП Осоговски Планини

| ***Код на зона*** | ***Зонирање*** | ***Површина (ha)*** | ***Процентуална застапеност*** |
|---|---|---|---|
| | **Зона за строга заштита** | 1833.04 | ***3.76%*** |
| **СЗ01** | Царев Врв - Извори на Врањанска Река | 88.4 | *0.18%* |
| **СЗ02** | Царев Врв - Алтан Чешма | 91.77 | *0.19%* |
| **СЗ03** | Царев Врв - Ташово | 46.24 | *0.09%* |
| **СЗ04** | Царев Врв - Бабина Чешма | 149.87 | *0.31%* |
| **СЗ05** | Царев Врв - Маркова Ступка | 60.11 | *0.12%* |
| **СЗ06** | Модра Река | 176.12 | *0.36%* |
| **СЗ07** | Горна Злетовица | 94.2 | *0.19%* |
| **СЗ08** | Венечка Река | 57.98 | *0.12%* |
| **СЗ09** | Злетовска Река | 138.48 | *0.28%* |
| **СЗ10** | Орлов Камен | 498.78 | *1.02%* |
| **СЗ11** | Раткова Скала | 228.73 | *0.47%* |
| **СЗ12** | Велика (Голема) Река | 202.36 | *0.41%* |
| | **Зона за активно управување** | 2546.6 | ***5.22%*** |
| **АУ01** | Царев Врв - Ташово | 67.73 | *0.14%* |
| **АУ02** | Царев Врв - Маркова Стапка | 157.56 | *0.32%* |
| **АУ03** | Царев Врв - Бабина Чешма | 161.83 | *0.33%* |
| **АУ04** | Модра Река | 198.89 | *0.41%* |
| **АУ05** | Горна Злетовица | 313.41 | *0.64%* |
| **АУ06** | Венечка Река | 104.07 | *0.21%* |
| **АУ07** | Злетовска Река | 968.91 | *1.99%* |
| **АУ08** | Орлов Камен | 341.03 | *0.70%* |
| **АУ09** | Раткова Скала | 49.46 | *0.10%* |
| **АУ10** | Велика (Голема) Река | 161.12 | *0.33%* |
| **АУ11** | Катанци - север | 3.96 | *0.01%* |
| **АУ12** | Катанци - југ | 3.62 | *0.01%* |
| **АУ13** | Блатец | 15.01 | *0.03%* |
| | **Зона за одржливо користење** | 44345.27 | ***90.86%*** |
| **ОК01** | ОСоговски Планини | 44345.27 | *90.86%* |
| | **Заштитен појас** | 82.25 | ***0.17%*** |
| **ЗП01** | Царев Врв - Извори на Врањанска Река | 82.25 | *0.17%* |
| | **Вкупно** | **48807.16** | ***100.00%*** |

### 1.2.1 Зона на строга заштита

Зона за строга заштита претставува дел од заштитеното подрачје со највисок интерес за заштитата, што се карактеризира со изворни, неизменети карактеристики на екосистемите или има сосема мали промени како резултат на традиционални управувачки практики. Во зоната за строга заштита се дозволени научно-истражувачки активности, доколку тие не се во спротивност со примарните цели на заштита на подрачјето (член 104 од Закон за природа). Зоната за строга заштита на предлог ЗП „Осоговски Планини“ зафаќа 1833.04ha или 3,76%. Тоа се дисперзно распоредени помали површини, кои ги вклучуваат најзначајните и најрепрезентативни живеалишта (хабитати), како: високопланински пасишта, добро сочувани и репрезентативни шумски заедници од габер, крајречни заедници со врба, топола и евла и мали површини од букова шума (рефугиуми или шумски површини со минимални антропогени интервенции), тресетишта, изворишни делови на реките, карпести предели и дел од вриштините.

Зоната за строга заштита е расцепкана на 12 помали делови, а преглед на површините е даден во (

Табела 2).

Промените во зоната за строга заштита се однесуваат само на зоната за строга заштита: Царев Врв – Ташово (СЗ03), каде се направени минимални прилагодувања долж западниот дел од границата на оваа зона. Прилагодувањата се направени заради обезбедување на растојание од 100 m за инфраструктурните зафати во склоп на планираниот скицентар Царев Врв. Оваа зона (СЗ03) со прилагодувањата зафаќа површина од 46.24 ha.

Преглед на инфраструктурните зафати планирани за скицетарот Царев Врв, преклопени со прилагодените граници и зони во делот околу Царев Врв се дадени во Прилог 3.

Преглед на зоните за строга заштита околу Царев Врв се дадени на Слика 3, каде се претставени следните зони за строга заштита: Царев Врв - Извори на Врањска Река (СЗ01), Царев Врв – Алтан Чешма (СЗ02), Царев Врв – Ташово (СЗ03), Царев Врв - Бабина Чешма (СЗ04) и Царев Врв - Маркова Ступка (СЗ05).

Вредностите на овие зони се непроменети, прилагодувањата во делот на строгата заштита водеа кон минимални измени на границата на Царев Врв – Ташово (СЗ03) и истите не влијаат негативно на предлогот за заштита на Осоговските Планини. Зоната за строга заштита Царев Врв – Ташово (СЗ03), е дадена одделно на Слика 4.




Слика 3 Зони за строга заштита Царев Врв - Извори на Врањска Река (ЗСЗ01), Царев Врв - Алтан Чешма (ЗСЗ02), Царев Врв – Ташово (ЗСЗ03), Царев Врв - Бабина Чешма (ЗСЗ04), Царев Врв - Маркова Ступка (ЗСЗ05)




Слика 4 Зона за строга заштита Царев Врв Ташово (СЗ03), претставена со црвена боја на сликата

### 1.2.2 Зона на активно управување

Зоната за активно управување претставува зона од висок интерес за заштита, во која се потребни поголеми управувачки интервенции со цел реставрација, ревитализација или рехабилитација на живеалиштата, екосистемите и другите елементи од пределот. Во зоната за активно управување се дозволени активности од економски карактер кои немаат негативно влијание на примарната цел на заштита, како екотуризам или традиционално екстензивно земјоделство (член 105 од Закон за природа). Зоната за активно управување (ЗАУ) на предлог ЗП „Осоговски Планини“ зафаќа 2546.6 ha или 5,22 % од вкупната површина на подрачјето и дефинирана е најчесто околу површините на зоната за строга заштита со исклучок на малите површини кај с. Рајчани.

Промени во зоната за активно управување има во делот околу Царев Врв заради прилагодувањата поврзани со обезбедување на растојание од 100 m за инфраструктурните зафати во склоп на планираниот скицентар Царев Врв. Промената се однесува на зоната за активно управување кај локалитетот Ташово. Односно околу зоната за строга заштита, воспоставената зона за активно управување Царев Врв - Ташово (ЗАУ01) е корегирана согласно насоките за обезбедување на бафер од 100 m и истата сега зафаќа површина од 67.73 ha. Источната граница од оваа зона е повлечена кон изворишниот дел на Црна Река,

а направени се прилагодувања и во североисточниот дел од границата на оваа зоната помеѓу кота 2057 и кота 1991 (Слика 5).

Останатите зони за активно управување Царев Врв -Маркова Стапка (ЗАУ02) и Царев Врв - Бабина Чешма (ЗАУ03) околу локалитетот Царев Врв се непроменети.

Преглед на инфраструктурните зафати планирани за скицетарот Царев Врв, преклопени со прилагодените граници и зони во делот околу Царев Врв се дадени во Прилог 3.




Слика 5 Зона за активно управување: Царев Врв - Ташово (ЗАУ01), претставена со зелена боја на сликата

### 1.2.3 **Зона на одржливо користење**

Зона за одржливо користење (ЗОК) претставува значителен дел од заштитеното подрачје (Слика 6). Овој простор не поседува високи вредности за заштитата, каде што се наоѓаат инфраструктурни објекти, објекти на културното наследство, типови на шумски насади коишто не се карактеристични за подрачјето, како и населени места со околното земјоделско земјиште (согласно член 106 од Законот за заштита на природата).

Зоната за одржливо користење (ЗОК) во предлог ЗП Осоговски Планини зафаќа 44345.27 ha или 90,86 %. Границата на ЗОК ја следи границата на целото заштитено подрачје.

Промената на надворешната граница на предлог ЗП Осоговски Планини е прилагодена, согласно предлог решението од рудник САСА и таа промена се однесува на делот околу рудник САСА и се наоѓа во атарот на општина Македонска Каменица. Промена има и во делот кај локалитетот Езерце во општина Крива Паланка. Овие промени предизвикаа промени и во однос на зоната за одржливо користење, односно исклучен е делот од развоен интерес на Рудник Саса (кој влегуваше во зона за одржливо користење), а за сметка на таа површина вклучен е соодветен дел по површина во близина на Мечкин Камен покрај изворишен дел на река Каменица (Прилог 1). Приклучената површина покрај река Каменица од 70 ha е вклучена во зоната за одржливо користење. Оваа површина го вклучува шумскиот појас од мезофилни букови шуми покрај изворишниот дел на реката под локалитетот Арамиска Чешма. Од зоната за одрживо користење намалена е и површината под Калин Камен, заради исклучување на локалитетот Езерце – Влашки Колиби од предлогот за заштита (Прилог 2). Исто така, зоната за одржливо корисење е намалена за сметка на новоформираниот заштитен појас од 82,15 ha, околу зоните за строга заштита во изворишниот дел на Врањанска Река (СЗ01 и СЗ02). На Слика 6 е претставена површината на зоната за одржливо користење.




Слика 6 Зона за одржливо користење

### 1.2.4 Заштитен појас

Заради потребите на вршењето на дејноста на заштита и управување со заштитените подрачја согласно член 93 од Законот за заштита на природа покрај останатите три зони може да се воспостави и заштитен појас. Функцијата и улогата на заштитениот појас при воспоставување на заштитено подрачје е опишана во член 107 од Законот за заштита на природа.

Во овој случај, во предлог ЗП Осоговски Планини заштитен појас е воспоставен во делот околу царев Врв меѓу зоните чиј режим на заштита и управување меѓусебно се исклучува односно Царев Врв - Извори на Врањска Река (СЗ01), Царев Врв – Алтан Чешма (СЗ02), со цел обезбедување на растојание од 100 m за инфраструктурните зафати во склоп на планираниот скицентар Царев Врв. Во овој дел од заштитеното подрачје, каде е регистрирана концентрација од природни вредности (значајни видови и живеалишта), а од друга страна идентификувани се и потенцијали и интереси за економски развој (ски туризам), не беше возможно да се дефинира зона за активно управување и затоа е дефиниран заштитен појас (со површина до 82.25 ha), со цел да се ублажат влијанијата и да се заштитат вредностите во зоните за строга заштита (СЗ01 и СЗ02), види слика 7.

Преглед на инфраструктурните зафати планирани за ски цетарот Царев Врв, преклопени со прилагодените граници и зони и дефинираниот заштитен појас во делот околу Царев Врв се дадени во Прилог 3.




Слика 7 Заштитен појас

Прилог 1. Адаптирана граница согласно укажувања на Рудник Саса



Прилог 2. Адаптирана граница согласно укажувања на општина Крива Паланка



Прилог 3. Преглед на инфраструктурните зафати предвидени за скицентар Царев Врв и корегиран предлог за ЗП Осоговски Планини*




*Имајте предвид дека линиите за инфраструктурни зафати се задебелени со цел да бидат подобро видливи на карта. Во однос на растојанието од 100 m, истото е обезбеден во однос на сите планирани инфраструктурни зафати.

Прилог 4 Карта со предлог надврешна граница и предлог зони во рамки на предлог ЗП „Осоговски Планини“

